


Симјаноски

***Според податоците од академик Синиша Станковиќ, тој за првпат дошол во Охрид во 1922 година како доцент на Белградскиот универзитет. Откако го видел Охридското Езеро станал вљубеник до крајот на својот живот и остана ненадминат познавач на езерскиот жив свет. Меѓутоа, за важноста на Охридското Езеро знаел уште како студент, од проучувањата на виенските зоолози Ф. Штеидахнер и К. Стурану, кои во 1892 година откриле во Охридското Езеро извесен број ендемични риби и полжави.***

Потоа, од обемните и значајните географски, геолошки и хидролошки истражувања на познатиот српски географ Ј. Цвијиќ, од значајните трудови на Ж. Ѓорѓевиќ, С. Караман, Е. Новак, Ф. Космат, Ф. Гебел и други кои извршиле обемни хидролошки, флористичко - фаунистички, лимнолошки и други проучувања на Охридското Езеро и на неговата околина.

Сите претходници заклучија дека Езеро е многу старо, а е старо најмалку два милиони години и богато со особен растителен и животински свет кој живее само во Охридското Езеро или во еден тесен регион околу него. Извесен број растенија и животни се сосем идентични или блиски на некои фосилни остатоци на Балканскиот Полуостров и на Средна Европа.

Познато е дека познатиот српски научник Јован Цвијиќ на крајот на деветнаесеттиот век, во Македонија, особено на Охридското Езеро ги извршил своите фундаментални географски, геоморфолошки, еколошки и лимнолошки испитувања, врз чии резултати и дела се засновуваат познавањата за Езерото, за неговата котлина, нејзиниот состав и потекло.





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**